Број на Службен весник:94/2011
Датум на објава на Службен весник:12.07.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 40, став 6 од Законот за земјоделското земјиште (“Службен весник на Република Македонија” бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА СТЕКНАТОТО ПРАВО НА ПЛОДОУЖИВАЊЕ КОЕ СО ДОГОВОР СЕ ТРАНСФОРМИРА ВО ПРАВО НА ЗАКУП И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за стекнатото право на плодоуживање кое со договор се трансформира во право на закуп и потребната документација.

### Член 2

Барањето за стекнататото право на плодоуживање кое со договор се трансформира во право на закуп ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот до кој се поднесува барањето.

2. Назив на образецот.

3. Податоци за подносителот на барањето.

4. Податоци за земјиштето за кое се бара трансформирање во право на закуп:

- катастарска општина;
- катастарска парцела;
- место викано;
- катастарска култура;
- катастарска класа;
- површина (метри квадратни) и
- имотен/поседовен лист.

5. Датум и место на поднесување на барањето.

6. Потпис/печат на барателот.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец со А4 формат во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник се приложува и следната документација:

- фотокопија од важечка лична карта;
- договор за плодоуживање за кој се бара трансформација во право на закуп;
- записник за воведување во владение;
- геодетски елаборат;
- програма за користење на земјиштето која содржи основни податоци за семејството, техничко - технолошка опременост, целта за која ќе го користи земјиштето и

- писмен доказ за упис во единствениот регистар на земјоделски стопанства или регистарот на вршители на земјоделска дејност.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 22-4509

8 јули 2011 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

**Б А Р А Њ Е**
**за стекнато право на плодоуживање кое со договор се трансформира во право на закуп**

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме ______________________________________

Адреса ______________________________________________

ЕМБГ _______________________________________________

2.Податоци за земјоделското земјиште во државна сопственост за кое се бара трансформирање во право на закуп и тоа за КПбр.____, место викано_____, катастарска култура ___, катастарска класа____,површина____ (метри квадратни), евидентирано на имотен/поседовен лист бр.___ за КО _______.

Согласно член 40 став 2 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), се поднесува барање за стекнато право на плодоуживање кое со договор се трансформира во право на закуп а се однесува на договор за плодоуживање бр. _______ од _______ година, склучен помеѓу _______________ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопнаство.

Во прилог кон барањето се доставува бараната документација.

**БАРАТЕЛ,**

______________________ ______________________
**Датум и место** **(потпис/ печат)**